# 25. ЧЕРЕН ОБЛАК СЕ ЗАДАДЕ НА ВРХ ПИРИН ПЛАНИНА

Крај: Чемерско, Тиквеш
Пеел: Јованче **Чемерски**
Роден: Чемерско, 1885 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 248/1
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
25 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 22.05. 1964.




1. Черен облак се зададе на врх Пирин Планина,
   на врх Пирин Планина, ф ајдучките долини;

2. ф ајдучките долини, буцовото кладенче,
   черен орел гачеше, Цонка знаме држеше;

3. Цонка знаме држеше, и на знаме пишеше;
   и на знаме пишеше: станујте да с' ослободите;

4. станујте да с' ослободите, Турчин ферман издаде;
   Турчин ферман издаде, милом, силом газите;

5. милом, силом газите, по вардарски долини,
   по вардарски долини, по прилепски рамнини.

Забелешка: Секој стих се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978